# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
## НА ОПШТИНАТА БИТОЛА

Службено гласило на
Општината Битола
излегува по потреба

www.bitola.gov.mk

**Број 10, година LII**
**Вторник, 08.06.2021**
Битола

**e-mail:bitola@t-home.mk**

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ"бр.5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола" бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлуката за измена на Одлуката за распоредот на средствата на Буџетот на Општината Битола за 2021 година**

1. Ја објавувам Одлуката за измена на Одлуката за распоредот на средствата на Буџетот на Општината Битола за 2021 година, донесена на седница на Советот на општината Битола одржана на ден 07.06.2021 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола".

Бр. 08-508/1
08.06.2021 год.
Б и т о л а

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општината Битола,
м-р Наташа Петровска

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 34 од Законот за Буџетите (Сл.весник на РМ бр.64/05,04/08,103/08,156/09,95/10,180/11,171/12, 192/15 и 167/16),Советот на Општина Битола на 76 -та седница, одржана на 07.06.2021 година ја донесе следнава:

# О Д Л У К А

**за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина БИТОЛА**

**за 2021 година**

**Член 1**

Со оваа одлука се врши измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина БИТОЛА за 2021 година на следниот начин :

| Потпрограма Потставка | | БУГЕТ | САМОФИН. | ДОТАЦИИ | ДОНАЦИИ | КРЕДИТИ |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **JD0** | **ИЗГРАДБА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ЛОКАЛНИ ПАТИШТА** | | | | | |
| 482120 | Изградба на улици, патишта и автопати | 22.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 482130 | Реконструкција на улици, патишта и автопати | -22.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **R10** | **ЗАШТИТА НА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРИРОДА** | | | | | |
| 464990 | Други трансфери | -1.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **RA0** | **ЗАШТИТА НА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРИРОДА (КАПИТАЛ** | | | | | |
| 480190 | Купување на друга опрема | 1.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** |

Член 2

Со влегување на сила на оваа Одлука престанува да важи Одлуката број 09-55/4 од 20.05.2021 година.

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во Службен гласник на општина Битола .

Бр. 09-71/3
07.06.2021

Претседател на Советот на Општината
**Валентин Груевски**

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ”бр.5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Одлуката за измена на Одлуката за проширување на распоредот на средствата на Буџетот на Општината Битола за 2021 година

1. Ја објавувам Одлуката за измена на Одлуката за проширување на распоредот на средствата на Буџетот на Општината Битола за 2021 година, донесена на седница на Советот на општината Битола одржана на ден 07.06.2021 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-508/2
08.06.2021 год.
Б и т о л а

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општината Битола,
м-р Наташа Петровска

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 34 од Законот за Буџетите (Сл.весник на РМ бр.64/05,04/08,103/08,156/09,95/10,180/11,171/12, 192/15 и 167/16),Советот на Општина Битола на 76-та седница, одржана на 07.06.2021 година ја донесе следнава:

# О Д Л У К А

За проширување на средствата на Буџетот на Општина **БИТОЛА**
За **2021** година

**Член 1**

Со оваа одлука се врши проширување на средствата на Буџетот на ОпштинаБИТОЛА за 2021 година, на следниот начин :

| Потпрограма / Потставка | | САМОФИНАН. | ДОТАЦИИ | ДОНАЦИИ | КРЕДИТИ |
|---|---|---|---|---|---|
| **Се зголемуваат приходите на следните потаставки :** | | | | | |
| 742114 | Приходи од европската унија | 0 | 0 | 3.251.750 | 0 |
| 744311 | Други тековни донаццијии | 0 | 0 | 553.950 | 0 |
| | | **0** | **0** | **3.805.700** | **0** |
| **и се распредуваат на следните расходни потаставки :** | | | | | |
| **N10** | **ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ** | | | | |
| 420110 | Патување во земјата - хранарина (дневница) | 0 | 0 | 30.750 | 0 |
| 420210 | Патување во странство - хранарина (дневница) | 0 | 0 | 1.205.400 | 0 |
| 423110 | Канцелариски материјали | 0 | 0 | 71.200 | 0 |
| 423610 | Наставно-образовни помагала | 0 | 0 | 88.800 | 0 |
| 423810 | Ситен инвентар | 0 | 0 | 100.000 | 0 |
| 425990 | Други договорни услуги | 0 | 0 | 393.600 | 0 |
| **N20** | **СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ** | | | | |
| 420110 | Патување во земјата - хранарина (дневница) | 0 | 0 | 50.000 | 0 |
| 420120 | Патување во земјата - патни расходи | 0 | 0 | 50.000 | 0 |
| 420130 | Патување во земјата - сместување | 0 | 0 | 400.000 | 0 |
| 420140 | Патување во земјата - споредни расходи | 0 | 0 | 50.000 | 0 |
| 421440 | Транспорт на луѓе | 0 | 0 | 50.000 | 0 |
| 423110 | Канцелариски материјали | 0 | 0 | 10.000 | 0 |
| 423190 | Други административни материјали | 0 | 0 | 10.000 | 0 |
| 423410 | Прехранбени продукти и пијалаци | 0 | 0 | 20.000 | 0 |
| 423610 | Наставно-образовни помагала | 0 | 0 | 10.000 | 0 |
| 423620 | Училишни материјали | 0 | 0 | 10.000 | 0 |
| 423910 | Други материјали за специјална намена | 0 | 0 | 5.000 | 0 |
| 423990 | Други материјали | 0 | 0 | 10.000 | 0 |
| 425290 | Други финансиски услуги | 0 | 0 | 25.000 | 0 |
| 425740 | Дополнителни активности | 0 | 0 | 100.000 | 0 |
| 425750 | Услуги за вонучилишни образовни активности | 0 | 0 | 20.000 | 0 |
| 425790 | Други образовни услуги | 0 | 0 | 25.000 | 0 |
| 425920 | Услуги за копирање, печатење и издавање | 0 | 0 | 10.000 | 0 |
| 425990 | Други договорни услуги | 0 | 0 | 500.000 | 0 |
| 426210 | Расходи за репрезентација | 0 | 0 | 97.000 | 0 |
| 426310 | Семинари и конференции | 0 | 0 | 100.000 | 0 |
| 426410 | Објавување на огласи | 0 | 0 | 1.500 | 0 |
| 426990 | Други оперативни расходи | 0 | 0 | 8.500 | 0 |
| **NB0** | **КАПИТАЛНИ РАСХОДИ ЗА СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ** | | | | |
| 480190 | Купување на друга опрема | 0 | 0 | 353.950 | 0 |
| | | **0** | **0** | **3.805.700** | **0** |

Член 2

Со влегување на сила на оваа Одлука престанува да важи Одлуката број 09-55/3 од 20.05.2021 година.

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во Службен гласник на општина Битола .

Бр. 09-71/4
07.06.2021

Претседател на Советот на Општината
**Валентин Груевски**

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ”бр.5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлуката за префрлување на вишок на средства од сметката за блок дотации на сметката на основниот Буџет на Општината Битола за 2021 година**

1. Ја објавувам Одлуката за префрлување на вишок на средства од сметката за блок дотации на сметката на основниот Буџет на Општината Битола за 2021 година, донесена на седница на Советот на општината Битола одржана на ден 07.06.2021 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-508/3 ГРАДОНАЧАЛНИК
08.06.2021 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Наташа Петровска

Врз основа на член 1 и 2 од Законот за дополнување на Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа (,,Службен весник на Р.С.М.” бр.77/2021), член 36, став 1, точка 10, од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ” бр.5/2002) и член 54, став 1, точка 8 од Статутот на Општина Битола (,,Службен гласник на Општина Битола“ бр. 17/2008), а по предлог на Градоначалникот, Советот на Општина Битола на седницата број 76 одржана на 07.06.2021 година, донесе

**ОДЛУКА**

**За префрлување на вишок на средства од сметката за блок дотации на сметката на основниот Буџет на Општина Битола за 2021 година**

**Член 1**

Со оваа Одлука се одобрува префрлување на вишок на средства од Сметката за Наменски дотации 703014002993015 на Сметката на Основниот Буџет на Општина Битола 703014002963013 за 2021 година.

**Член 2**

Општина Битола по Годишна сметка за фискална 2020 година има остварено вишоци на средства на Сметката за Наменски дотации 703014002993015 – Општина Битола.

Вишокот на средства на Сметката за Наменска дотација, намален за неизмирени обврски по Годишна сметка за 2020 година на единките корисници на Буџетот во програма Н2-Средно образование е во вкупен износ од 21.000.000,00 денари.

Средствата во висина од 21.000.000,00 денари се префрлуваат на сметката на Основниот Буџет на Општина Битола 703014002963013 за 2021 година и истите ќе се користат за финансирање на тековно-оперативните трошоци во програмата Н1-Основно образование.

**Член 3**

Средствата наведени во став 2 од член 2, во износ од 21.000.000,00 денари ќе се користат за финансирање на тековно-оперативните трошоци во програмата Н1-Основно образование.

**Член 4**

По добивање на согласност на оваа Одлука од страна на Влада на Република Северна Македонија, средствата кои се предвидени за таа намена ќе бидат најпрво планирани во соодветни програми по области, а потоа ќе се опфатат во Измените и дополнувањата на Буџетот на Општина Битола за 2021 година.

**Член 5**

Одлуката влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Битола".

Бр.09-71/5
Битола, 07.06.2021

Претседател
на Совет на Општина Битола
Валентин Груевски

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ"бр.5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола" бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Одлуката за давање на донација на финансиски средства на ЈЗУ Специјализирана болница за геријатриска и палијативна медицина „13 Ноември" Скопје за редаптација и опремување на постоечките простори за интерна амбуланта и дневна болница

1. Ја објавувам Одлуката за давање на донација на финансиски средства на ЈЗУ Специјализирана болница за геријатриска и палијативна медицина „13 Ноември" Скопје за редаптација и опремување на постоечките простори за интерна амбуланта и дневна болница, донесена на седница на Советот на општината Битола одржана на ден 07.06.2021 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола".

Бр. 08-508/4
08.06.2021 год.
Б и т о л а

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општината Битола,
м-р Наташа Петровска

Врз основа член 36 став 1 точка 10 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр. 5/2002) и член 22 точка 36 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола" бр. 10/2005, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), а во врска со член 7 став 1, член 8 став 1 и член 10 став 1 алинеја 1 од Законот за донации и за спонзорства во јавните дејности („Службен весник на Република Македонија" бр. 47/06, 86/08, 51/11, 28/14 и 153/15), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 07.06.2021 година донесе

## О Д Л У К А
## за давање на донација на финансиски средства на ЈЗУ Специјализирана болница за геријатриска и палијативна медицина „13 Ноември" Скопје за редаптација и опремување на постоечките простори за интерна амбуланта и дневна болница

**Член 1**

Со ова одлука се дава донација на финансиски средства на ЈЗУ Специјализирана болница за геријатриска и палијативна медицина „13 Ноември" Скопје во износ од 10.000 евра во денарска противвредност според средниот курс на Народна банка на Република Северна Македонија на денот на исплатата, потребни за за редаптација и опремување на постоечките простори за интерна амбуланта и дневна болница.

**Член 2**

Средствата од членот 1 на оваа одлука ќе се обезбедат со ребаланс на Буџетот на Општина Битола за 2021 година, на ставката 464990 – Разни трансфери, Програма А0 – Совет на Општина Битола, а ќе уплатат на сметката за донации на примателот на донацијата.

**Член 3**

Се овластува Градоначалникот на Општина Битола да склучи договор со ЈЗУ

Специјализирана болница за геријатриска и палијативна медицина „13 Ноември“ Скопје за донацијата која што е предмет на оваа одлука.

**Член 4**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.09-71/6 ПРЕТСЕДАТЕЛ
07.06.2021 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а Валентин Груевски

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ”бр.5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Одлуката за давање на трајно користење без надоместок на движни ствари за граматики и речници на македонски-ромски јазик за потребите на основните и средните училишта -Битола

1. Ја објавувам Одлуката за давање на трајно користење без надоместок на движни ствари за граматики и речници на македонски-ромски јазик за потребите на основните и средните училишта - Битола, донесена на седница на Советот на општината Битола одржана на ден 07.06.2021 година.
2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-508/5 ГРАДОНАЧАЛНИК
08.06.2021 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Наташа Петровска

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/02), член 22 и 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21) и член 44, став 1 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на РМ“ бр. 78/15, 106/15, 153/15 и 190/16), Договорот за регулирање на правата и обврските за претанок и давање на движни ствари за трајно користење помеѓу Влада на Република на Северна Македонија и Општина Битола со бр.08-316/1 од 08.04.21, Советот на Општината Битола на седницата одржана на 07.06.2021 година, донесе

## О Д Л У К А
## за давање на трајно користење без надоместок на движни ствари за граматики и речници на македонски-ромски јазик за потребите на основните и средните училишта -Битола

**Член 1**

Со оваа Одлука Општина Битола ја дава на трајно користење без надоместок движната ствар:

- 50 речници на македонски - ромски јазик
- 30 граматики на македонски – ромски јазик

набавени преку Генералниот секретаријат на Влада на Република Северна Македонија

**Член 2**

Движните ствари предмет на оваа одлука, дефинирани во член 1 на истата, се даваат на трајно користење без надоместок од Општина Битола за потребите на основните и средните училишта -Битола.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавена во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.09-71/7 ПРЕТСЕДАТЕЛ
07.06.2021 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а Валентин Груевски

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ”бр.5/02), а во врска со член

54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), донесувам

## З А К Л У Ч О К
### за објавување на Одлуката измени и дополнувања на Одлуката за утврдување на висината на надоместокот за користење на земјиште во општа употреба за поставена урбана опрема и поставување на урбана опрема за која не може да се наплаќа комунална такса на територија на Општина Битола

1. Ја објавувам Одлуката измени и дополнувања на Одлуката за утврдување на висината на надоместокот за користење на земјиште во општа употреба за поставена урбана опрема и поставување на урбана опрема за која не може да се наплаќа комунална такса на територија на Општина Битола, донесена на седница на Советот на општината Битола одржана на ден 07.06.2021 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-508/6 ГРАДОНАЧАЛНИК
08.06.2021 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Наташа Петровска

Врз основа на член 36 и член 22 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.05/2002) и член 70 од Статутот на Општина Битола („Службен гласник на Општина Битола“ бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), Советот на Општина Битола на Седницата одржана на 07.06. 2021 година донесе :

## О Д Л У К А
### измени и дополнувања на Одлуката за утврдување на висината на надоместокот за користење на земјиште во општа употреба за поставена урбана опрема и поставување на урбана опрема за која не може да се наплаќа комунална такса на територија на Општина Битола

**Член 1**

Со оваа Одлука се врши измени и дополнувања на Одлуката за утврдување на висината на надоместокот за користење на земјиште во општа употреба за поставена урбана опрема и поставување на урбана опрема за која не може да се наплаќа комунална такса на територија на Општина Битола објавена во „Службен гласник на Општина Битола“ бр.9/2013, 11/2013, 13/2018 и 6/2020.

**Член 2**

Корисникот на земјиштето во општа употреба за поставена урбана опрема со давателот на земјиштето во општа употреба за поставена урбана опрема (Општина Битола), по истекот на рокот за користење на земјиштето за поставената урбана опрема определен во договорот и анекс договорот склучува анекс договор во кој се предвидува дополнителен рок за користење на предметното земјиште од 1 (една) година.

**Член 3**

Анекс договор можат да склучат сите корисници на земјиште во општа употреба за поставена урбана опрема кој со Општина Битола имаат склучено договори и анекс договори за користење на земјиште во општа употреба за поставена урбана опрема и го имаат подмирено надоместокот за користење заклучно со 30.06.2021 година.

**Член 4**

Рокот утврден во анекс договорите склучени согласно оваа Одлука може да престане и пред неговото истекување доколку давателот на земјиште во општа употреба (Општина Битола), донесе друга Одлука со која на друг начин ќе го уреди статусот на поставената урбана опрема.

**Член 5**

Одлуката влегува во сила со денот на донесување а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Битола“.

Бр.09-71/8 ПРЕТСЕДАТЕЛ
07.06.2021 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а Валентин Груевски

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Одлуката за измена и дополнување на Програмата за поставување на урбана опрема на јавни површини на подрачјето на Општина Битола

1. Ја објавувам Одлуката за измена и дополнување на Програмата за поставување на урбана опрема на јавни површини на подрачјето на Општина Битола, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 07.06.2021 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-508/7 ГРАДОНАЧАЛНИК
08.06.2021 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Наташа Петровска

Врз основа на член 70 од Статутот на Општинта Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 07.06.2021 година, донесе

## О Д Л У К А
## за измена и дополнување на Програмата за поставување на урбана опрема на јавни површини на подрачјето на Општина Битола

### Член 1

Се врши седма измена и дополнување на Програмата за поставување на урбана опрема на јавните површини на Општина Битола.

### Член 2

2. Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавена во „Службен гласник на Општина Битола“.

Бр.09-71/9 ПРЕТСЕДАТЕЛ
07.06.2021 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а Валентин Груевски

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Заклучокот за усвојување на Стратегијата за родова еднаквост на Општина Битола 2021-2026 година

1. Го објавувам Заклучокот за усвојување на Стратегијата за родова еднаквост на Општина Битола 2021-2026 година, донесен на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 07.06.2021 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-508/8 ГРАДОНАЧАЛНИК
08.06.2021 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Наташа Петровска

Врз основа на член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 07.06.2021 година, донесе

## З А К Л У Ч О К
## за усвојување на Стратегијата за родова еднаквост на Општина Битола 2021-2026 година

1. СЕ УСВОЈУВА Стратегијата за родова еднаквост на Општина Битола 2021-2026 година

2. Заклучокот влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општината Битола”.

Бр.09-71/10 ПРЕТСЕДАТЕЛ
07.06.2021 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а Валентин Груевски

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр.5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20 I 19/20), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Заклучокот за усвојување на измената и дополнување на Правилникот за искористување на средства од Програма за социјална заштита на Општина Битола во делот на инфраструктура за лице со попреченост во домот на лицата

1. Го објавувам Заклучокот за усвојување на измената и дополнување на Правилникот за искористување на средства од Програма за социјална заштита на Општина Битола во делот на инфраструктура за лице со попреченост во домот на лицата, донесен на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 07.06.2021 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-508/9 ГРАДОНАЧАЛНИК
08.06.2021 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Наташа Петровска

Врз основа на член 73 од Закон за градење („Сл. Весник на Р. Македонија“, бр.130/09..279/20), член 36 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02), член 7 од Правилник за формата и содржината на барањето, потребната документација и образецот на решението за изведување на градбите односно поставување на опремата за кои не е потребно одобрение за градење („Сл. Весник на Р.Македонија, Бр.55/2018) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Сл. гласник на Општината Битола“ бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 07.06.2021год., донесе

## З А К Л У Ч О К
## за усвојување на измената и дополнување на Правилникот за искористување на средства од Програма за социјална заштита на Општина Битола во делот на инфраструктура за лице со попреченост во домот на лицата

1. СЕ УСВОЈУВА измената и дополнување на Правилникот за искористување на средства од Програма за социјална заштита на Општина Битола во делот на инфраструктура за лице со попреченост во домот на лицата.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавен во „Службен гласник на Општината Битола”.

Бр.09-71/11 ПРЕТСЕДАТЕЛ
07.06.2021 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а Валентин Груевски

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Заклучокот за усвојување Годишниот извештај за работењето на Центарот за развој на Пелагонискиот плански регион за 2020 година

1. Го објавувам Заклучокот за усвојување Годишниот извештај за работењето на Центарот за развој на Пелагонискиот плански регион за 2020 година, донесен на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 07.06.2021 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-508/10 ГРАДОНАЧАЛНИК
08.06.2021 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Наташа Петровска

Врз основа на член 70 од Статутот на Општинта Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 07.06.2021 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за усвојување Годишниот извештај за работењето на Центарот за развој на Пелагонискиот плански регион за 2020 година**

1. СЕ УСВОЈУВА Годишниот извештај за работењето на Центарот за развој на Пелагонискиот плански регион за 2020 година.
2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола”.

Бр.09-71/12 ПРЕТСЕДАТЕЛ
07.06.2021 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а Валентин Груевски

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Заклучокот за усвојување Годишниот извештај за спроведување на Програмата за развој на Пелагонискиот плански регион од страна на Центарот за развој на Пелагонискиот плански регион во 2020 година**

1. Го објавувам Заклучокот за усвојување Годишниот извештај за спроведување на Програмата за развој на Пелагонискиот плански регион од страна на Центарот за развој на Пелагонискиот плански регион во 2020 година, донесен на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 07.06.2021 година.
2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-508/11 ГРАДОНАЧАЛНИК
08.06.2021 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Наташа Петровска

Врз основа на член 70 од Статутот на Општинта Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 07.06.2021 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за усвојување Годишниот извештај за спроведување на Програмата за развој на Пелагонискиот плански регион од страна на Центарот за развој на Пелагонискиот плански регион во 2020 година**

1. СЕ УСВОЈУВА Годишниот извештај за спроведување на Програмата за развој на Пелагонискиот плански регион од страна на Центарот за развој на Пелагонискиот плански регион во 2020 година.
2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола”.

Бр.09-71/13 ПРЕТСЕДАТЕЛ
07.06.2021 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а Валентин Груевски

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ”бр.5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлуката за давање согласност на Измена на Годишниот план за вработување во Општинската администрација на Општината Битола за 2021 година**

1. Ја објавувам Одлуката за давање согласност на Измената на Годишниот план за вработување во Општинската администрација на Општината Битола за 2021 година, донесена на седница на Советот на општината Битола одржана на ден 07.06.2021 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-508/12 ГРАДОНАЧАЛНИК
08.06.2021 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Наташа Петровска

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02), а во врска со член 20–б од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на РМ“ бр.27/14..143/19) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 07.06.2021 година, донесе

## О Д Л У К А
## за давање согласност на Измена на Годишниот план за вработување во Општинската администрација на Општината Битола за 2021 година

### Член 1

Со оваа Одлука се дава согласност на Измената на Годишниот план за вработување во Општинската администрација на Општината Битола за 2021 година бр.04-118/1 од 02.06.2021 година.

### Член 2

По добиената согласност Градоначалникот на Општина Битола да ја донесе Измената на Годишниот план за вработување во Општинската администрација на Општината Битола за 2021 година и да ги достави на мислење до Министерството за информатичко општество и администрација.

### Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола”.

Бр.09-71/14 ПРЕТСЕДАТЕЛ
07.06.2021 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а Валентин Груевски

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05, 17/08, 08/19, 14/20 19/20 и 05/21), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Решението за давање согласност Одлуката за отуѓување на неофицијална опрема во училиштето СОТУ„Ѓорги Наумов” Битола

1. Го објавувам Решението за давање согласност Одлуката за отуѓување на неофицијална опрема во училиштето СОТУ„Ѓорги Наумов” Битола, донесено на седницата на Советот на Општината Битола, одржана на 07.06.2021 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-508/13 ГРАДОНАЧАЛНИК
08.06.2021 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Наташа Петровска

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ” бр.05/02), член 89-а од Законот за средното образование („Службен весник на РМ” бр.44/95...229/20), а во врска со член 70 од Статутот на Општинта Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 51/21), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 07.06.2021 година, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
## за давање согласност Одлуката за отуѓување на неофицијална опрема во училиштето СОТУ„Ѓорги Наумов” Битола

1. Се дава согласност на Одлуката за отуѓување на неофицијална опрема во училиштето СОТУ„Ѓорги Наумов” Битола, Бр.02-76/5 од 25.02.2021 година.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавено во „Службен гласник на Општината Битола”.

Бр.09-71/15 ПРЕТСЕДАТЕЛ
07.06.2021 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а Валентин Груевски

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05, 17/08, 08/19, 14/20 19/20 и 05/21), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Решението за давање согласност Одлуката за отуѓување на неофункционална опрема во училиштето СОЕУ„Јане Сандански” Битола

1. Го објавувам Решението за давање согласност Одлуката за отуѓување на неефункционална опрема во училиштето СОЕУ„Јане Сандански” Битола, донесено на седницата на Советот на Општината Битола, одржана на 07.06.2021 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-508/14 ГРАДОНАЧАЛНИК
08.06.2021 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Наташа Петровска

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ” бр.05/02), член 89-а од Законот за средното образование („Службен весник на РМ” бр.44/95...229/20), а во врска со член 70 од Статутот на Општинта Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 51/21), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 07.06.2021 година, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
## за давање согласност Одлуката за отуѓување на неофункционална опрема во училиштето СОЕУ„Јане Сандански” Битола

1. Се дава согласност на Одлуката за отуѓување на нефункционална опрема во училиштето СОЕУ„Јане Сандански” Битола, Бр.02-289/4 од 30.10.2020 година.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавено во „Службен гласник на Општината Битола”.

Бр.09-71/16 ПРЕТСЕДАТЕЛ
07.06.2021 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а Валентин Груевски

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Решението за именување на членови во Управниот Одбор на ЈОУ КУЛТУРЕН И ИНФОРМАТИВЕН ЦЕНТАР Битола

1. Го објавувам Решението за за именување на членови во Управниот Одбор на ЈОУ КУЛТУРЕН И ИНФОРМАТИВЕН ЦЕНТАР Битола, донесено на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 07.06.2021 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-508/15 ГРАДОНАЧАЛНИК
08.06.2021 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Наташа Петровска

Врз основа на член 36 став 1 точка 5 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/02), член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21) а во врска со Член 10 од Одлуката за основање на

Јавна општинска установа КУЛТУРЕН И ИНФОРМАТИВЕН ЦЕНТАР Битола („Службен гласник на Општината Битола“ број бр.06/20) Советот на Општината Битола на седницата одржана на 07.06.2021 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за именување на членови во Управниот Одбор на ЈОУ КУЛТУРЕН И ИНФОРМАТИВЕН ЦЕНТАР Битола**

1. Во Управниот одбор на ЈОУ КУЛТУРЕН И ИНФОРМАТИВЕН ЦЕНТАР Битола СЕ ИМЕНУВААТ:

1. Драган Микаровски – дипл. соло пејач , од Битола ул. „Стив Наумов“ бр.39
2. Христијан Талевски – дипл. музичар, теоретичар – педагог, од Битола ул. „Христијан Т. Карпош“ бр.19
3. Владимир Переловски - дипл. инфор. магистер по стратегии и менаџмент, од Битола ул. „Филип Втори Македонски“ бр.66/33

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.09-71/17 ПРЕТСЕДАТЕЛ
07.06.2021 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а Валентин Груевски

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Решението за давање на согласност на Статутот на МЈП ПЕЛАЛИНК Битола**

1. Го објавувам Решението за давање на согласност на Статутот на МЈП ПЕЛАЛИНК Битола, донесено на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 07.06.2021 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-508/16 ГРАДОНАЧАЛНИК
08.06.2021 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Наташа Петровска

Врз основа на член 19 став 2 точка 1 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на РМ“ бр. 38/96, 06/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 06/12, 119/13 , 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на РСМ“ бр. 275/19), член 11 од Одлуката за основање на заедничко јавно претпријатие за превоз на патници („Службен гласник на Општина Битола“ бр. 5/21, „Службен гласник на Општина Могила“ бр. 5/21 и „Службен гласник на Општина Новаци“ бр. 7/21), член 36 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/02) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 07.06.2021 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за давање на согласност на Статутот на МЈП ПЕЛАЛИНК Битола**

1. Се дава согласност на Статутот на МЈП ПЕЛАЛИНК Битола, Бр.01-14/1 од 03.06.2021 година, донесен од Управниот одбор.
2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.09-71/18 ПРЕТСЕДАТЕЛ
07.06.2021 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а Валентин Груевски

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Решението за разрешување и именување член во Управен Одбор на ЈП Индустриска зона „Жабени“ Битола

1. Го објавувам Решението за разрешување и именување член во Управен Одбор на ЈП Индустриска зона „Жабени“ Битола, донесено на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 07.06.2021 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-508/17 ГРАДОНАЧАЛНИК
08.06.2021 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Наташа Петровска

Врз основа на член 36 став 1 точка 5 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/02), член 26 од Законот за јавните претпријатија („Сл. весник на РМ“ бр. 38/96....64/18) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 07.06.2021 година, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
## за разрешување и именување член во Управен Одбор на ЈП Индустриска зона „Жабени“ Битола

1. СЕ РАЗРЕШУВА Раде Христовски, од член во Управниот Одбор на ЈП Индустриска зона„Жабени“ Битола,

2. СЕ ИМЕНУВА Трајче Стојчевски – дипл.економист , од Битола ул.„Трајче Магловски“ бр.2/13.

3. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.09-71/19 ПРЕТСЕДАТЕЛ
07.06.2021 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а Валентин Груевски

# С О Д Р Ж И Н А

О Д Л У К А за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Битола за 2021 година ........................................................................ 2

О Д Л У К А за проширување на средствата на Буџетот на Општина Битола за 2021 година ............. 3

О Д Л У К А за префрлување на вишок средства од сметката за блок дотации и сметката на основниот Буџет на Општина Битола за 2021 година ........................................................................ 4

О Д Л У К А за давање на донација на финансиски средства на ЈЗУ Специјализирана болница за геријатриска и палијативна медицина „13 Ноември“ Скопје за редаптација и опремување на постоечките простори за интерна амбуланта и дневна болница .................. 5

О Д Л У К А за давање на трајно користење без надоместок на движни ствари за граматики и речници на македонски-ромски јазик за потребите на основните и средните училишта -Битола .................................................. 6

О Д Л У К А измени и дополнувања на Одлуката за утврдување на висината на надоместокот за користење на земјиште во општа употреба за поставена урбана опрема и поставување на урбана опрема за која не може да се наплаќа комунална такса на територија на Општина Битола ............................................... 7

О Д Л У К А за измена и дополнување на Програмата за поставување на урбана опрема на јавни површини на подрачјето на Општина Битола ................................................................... 8

З А К Л У Ч О К за усвојување на Стратегијата за родова еднаквост на Општина Битола 2021-2026 година...................................... 8

З А К Л У Ч О К за усвојување на измената и дополнување на Правилникот за искористување на средства од Програма за социјална заштита на Општина Битола во делот на инфраструктура за лице со попреченост во домот на лицата .......................... 9

З А К Л У Ч О К за усвојување Годишниот извештај за работењето на Центарот за развој на Пелагонискиот плански регион за 2020 година ................................................................... 10

З А К Л У Ч О К за усвојување Годишниот извештај за спроведување на Програмата за развој на Пелагонискиот плански регион од страна на Центарот за развој на Пелагонискиот плански регион во 2020 година 10

О Д Л У К А за давање согласност на Измена на Годишниот план за вработување во Општинската администрација на Општината Битола за 2021 година ........................................ 11

Р Е Ш Е Н И Е за давање согласност Одлуката за отуѓување на неофицијална опрема во училиштето СОТУ„Ѓорги Наумов” Битола....... 11

Р Е Ш Е Н И Е за давање согласност Одлуката за отуѓување на неофункционална опрема во училиштето СОЕУ„Јане Сандански” Битола .... 12

Р Е Ш Е Н И Е за именување на членови во Управниот Одбор на ЈОУ КУЛТУРЕН И ИНФОРМАТИВЕН ЦЕНТАР Битола................ 13

Р Е Ш Е Н И Е за давање на согласност на Статутот на МЈП ПЕЛАЛИНК Битола............... 13

Р Е Ш Е Н И Е за разрешување и именување член во Управен Одбор на ЈП Индустриска зона „Жабени“ Битола ........................................ 14

**Издавач: Општина Битола**
**тел. 047 234 234; 047 208 300**

Буџет на Општина Битола
Сметка: 703014002963013 Народна банка на Р.М.
Д.Б. 4002996128471
Приходна Шифра 725211